туркање
тупаница
страв
шлаканица
закана
љубомора
зграпчување
несигурност
посесивност
стрес
несоница
малтретирање
влечење
скршеници
несвест
гребнатини



# МОЛЧЕЊЕТО НЕ Е ЗЛАТО

ПРИЈАВИ ГО СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО




## Дефиниција

Под **семејно насилство** се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Дефинирано во Кривичниот законик на Р.М.

туркање | посесивност | несоница | страв | љубомора | тупаница | несигурност | гребнатини | шлаканица | малтретирање | изолација | модринки | абортус | несвест | депресија | закана | траума | влечење | стрес | туркање | тупаница | страв

# СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО НАШАТА ДРЖАВА

Податоците се превземени од
Истражувањето „Живот во сенка“, 2007 год.,
Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените на Република Македонија.

шлаканица закана љубомора зграпчување несигурност посесивност стрес несоница малтретирање влечење скршеници несвест гребнатини

## СЕКОЈА ВТОРА ЖЕНА Е ЖРТВА НА ПСИХОЛОШКО НАСИЛСТВО

Психолошкото насилство врз жената, ги опфаќа контрола на движењето и контактите на жената, љубомора или посесивност, како и однесувања кои предизвикуваат емоционални или психички маки и страдања на жената.

### Облици на психолошко насилство

Секоја втора жена е жртва на некој од подоблиците на овој вид на насилство. Најчест облик на психолошко насилство во нашата земја е контролата на движењето и на контактите што ги остварува жената. Како жртва на овој облик на психолошко насилство се јавува секоја трета (36,5%). Втор по застапеност облик на психолошко насилство е оној преку кој до израз доаѓа доминацијата на мажот и инфериорната положба на жената во семејството, односно неговиот (мажот) збор треба да е последен (28%). Секоја четврта жена (25,6%) пријавила дека сопругот/патнерот се однесува лошо кон неа или пак е претерано љубоморен (23,5%).

## СЕКОЈА ПЕТТА ЖЕНА Е ЖРТВА НА ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО

Физичкото насилство како највидлива форма на семејното насилство, подразбира употреба на физичка сила од страна на насилникот врз жртвата вклучувајќи ги и заканите за употреба на сила.

### Облици на физичко насилство

Овој облик на насилство во нашата земја најчесто се изразува преку шлаканиците (87,5%), заканите за употреба на физичка сила (70,1%), зграпчувањето и туркањето (63,9%). Но, физичкото насилство е изразено и низ многу тешки облици како клоцање, гризење, попарување итн.

Зачестеноста на поединечното манифестирање на физичко насилство, ја прави оваа појава потешка и поопасна. Жените жртви во нашата земја биле жртви на повеќекратно физичко насилство. Најмногу, секоја четврта жена посочила дека еднаш до два пати била физички нападната во рамките на нејзиното семејство. Речиси, секоја петта жена (18,9%) пријавила физичко насилство над 20 пати.

## СЕКОЈА ДЕСЕТТА ЖЕНА Е ЖРТВА НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО

Сексуалното насилство подразбира присилување на сексуален однос или друг вид сексуална активност.

### Облици на сексуалното насилство

Доминантен облик на сексуално насилство е несаканиот сексуален однос. Него го пријавиле (85,5%) од жените жртви. Понижувачкиот сексуален однос е пријавен во (6,6%), а силувањето во (3,9%) случаи.

Жените сеште се недоволно подготвени да говорат за сексуалното насилство, на што укажува податокот дека секоја трета жена (32,6%) не одговорила на поставеното прашање за зачестеноста на овој вид на насилство. Најмногу, (27,8%) од жените посочиле дека сексуалниот интегритет им бил нарушен од три до десет пати во рамките на семејството.

Многу е индикативен податокот, според кој, 13,2% од жените пријавиле сексуално насилство над 20 пати.



туркање посесивност несоница страв љубомора тупаница несигурност гребнатини шлаканица малтретирање изолација модринки абортус несвест депресија закана траума влечење стрес туркање тупаница страв шлаканица

# СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО Е НЕДОЗВОЛИВО И КАЗНИВО

**Психолошкото насилство се санкционира со:**
Кривични дела против слободите и правата на човекот

Со измените на Кривичниот законик од март 2004 г. е воведено казненоправна заштита на жртвите на семејно насилство. Со нив за првпат се дефинираше семејното насилство и истото стана предмет на инкриминизација, преку воведување на соодветни решенија во веќе постоечките кривични дела содржани во овој законик. Целта на казненоправната заштита е санкционирање на насилното однесување во рамките на семејството.

**· Присилба чл. 139 ст. 2 од КЗ**
„Тој што со сила или сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори, или да трпи нешто при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години.**
(Присилбата се состои во наметнување определена одлука или определено постапување спротивно на слободната волја и делување на жртвата на семејно насилство)

**· Противправно лишување од слобода чл. 140 ст. 2 од КЗ**
„Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја одземе или ограничи слободата на движење, при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години. Обидот е казнив.**
(Дејствието претставува држење затворен или на друг начин ограничување на слободата на движење на жртвата на семејно насилство)

**· Загрозување на сигурноста чл. 144 ст. 2 од КЗ**
„Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело, животот и телото на нему блиско лице при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години.**
(Загрозување на сигурноста се состои од нарушување на психичкиот мир и спокојство на жртвата на семејно насилство)



**Физичкото насилство се санкционира со:**
Кривични дела против животот и телото

**· Убиство чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ**
„Тој што друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство“ **ќе се казни со затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор.**
(Дејствието претставува лушување од чивот на жртвата на семејно насилство)

**· Телесна повреда чл. 130 ст. 2 од КЗ**
„Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 6 месеци до 3 години.**
(Дејствието подразбира физичко или психичко влијание при што настанува повреда која бара и минимално лекување или нега, предизвикана како резултат на семејно насилство)

**· Тешка телесна повреда чл. 131 ст. 2 од КЗ**
„Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето ќе му го наруши при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од 1 до 5 години.**
(Тешката телесна повреда предизвикува тешко нарушување на здравјето на жртвата како резултат на претрпено семејно насилство)

**Сексуалното насилство се санкционира со:**
Кривични дела против половата слобода и половиот морал

**· Силување чл. 186 од КЗ**
„Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело на нему блиско лице ќе го присили на обљуба“, **ќе се казни со затвор од 1 до 10 години.**
(Дејствието подразбира загрозување и нарушување на слободата при стапување во полови односи на жртвата на семејно насилство, и без оглед дали жртвата е во брачна заедница со насилникот)

**· Полов напад врз дете чл. 188 ст. 2 од КЗ**
„Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со затвор од најмалку 10 години.**

**· Посредување во вршење на проституција чл. 191 ст. 4 од КЗ**
„Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на проституција, или тој што на кој и да е начин учествувал во предавање на лице на друг заради вршење на проституција, заради заработувачка му овозможи на друг користење на сексулани услуги, заради заработувачка со сила или сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друг на давање на сексуални услуги при вршење на семејно насилство“, **ќе се казни со казна затвор од најмалку 10 години.**

Доколку си жртва
на семејно насилство

**НЕ МОЛЧИ, ПРИЈАВИ ВО!**

Најблиска полициска станица

Центри за социјална работа

Национална СОС линија за
заштита од семејно насилство:
**15 700**

туркање
посесивност
несоница
страв
љубомора
тупаница
несигурност
гребнатини
шлаканица
малтретирање
изолација
модринки
абортус
несвест
депресија
закана
траума
влечење
стрес

**За заштита од семејно насилство обратете се на:**
Центар за правна помош - ЕСЕ: 02 3117 866
Психолошко советувалиште за семејно насилство - ЕСЕ: 02 5297 166